# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работењето на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, за**

# 2013 година

Минатата 2013 година беше година на **финансиска, оперативна и административна консолидација** на Комората.

**Финансиски**, постигнат е исклучителен раст на остварениот нето приход од 51.7%, и значително финансиско зајакнување на Комората. Ова е постигнато, како поради ажурноста при наплатата на новите побарувања, така и поради наплатата на старите долгови од минатите години. Ваквата активност создаде поголем обем на работа во Комората, но резултатите се видливи. Истовремено, намалени се некои од базичните административни трошоци (повеќе од преполовени трошоци за дневници и патни трошоци, скоро преполовени трошоци за репрезентација, договорена е помала наемнина, преполовени трошоци за спонзорства итн).

**Оперативно**, имплементирани се софтверски и бизнис-процедурални измени кои ни овозможуваат подобра прегледност на состојбата во Комората. Ова овозможува подобро стратегиско планирање за иднина. Имплементирани се технички процедури кои вршат автоматски електронски известувања за членството, со што е намален дел од мануелната административна работа и можност за грешки/пропусти. Базирано на севкупните внатрешно оперативни промени, бројот на инженери со целосно подмирена членарина е **зголемен за дури 54.3%.**

Комората изнајми, на годишно ниво, софтвер за одржување *online* анкети со членството, како дел од планот за приближување на Комората кон своето членство. Првата анкета ќе се реализира во текот на Март 2013 година.

Во рамките на оперативното зајакнување, воспоставени се контакти со меѓународни асоцијации и странски Комори, со план за спроведување на позитивните искуства од поразвиените земји во Република Македонија. Нашата активност на меѓународен план резултираше со избор на нашата Комора да биде **претседавач на Меѓународната** Инженерска Иницијатива за Регионална Соработка (ИИРС), и воедно да раководи со проектот за меѓународно усогласување на инженерските образовни квалификации.

Паралелно со овие активности, формирано е одделението за **енергетска ефикасност**, како одговор на реалните потреби во инженерската струка и градежната индустрија. Во ова одделение ќе членуваат инженери од архитектура, градежната, машинската и електротехничката струка, со цел истите да ги покриваат областите на проектирањето, ревизијата, изведбата и надзорот од областа на енергетската ефикасност, се до техничкиот прием на објектот.

На оперативно ниво, решен е и проблемот со **градежните инженери за добивање на овластувања од сообраќајно инженерство**, кои завршиле градежен факултет со насока патишта и железници, со добивање на ограничени овластувања во рамките на стекнатите знаења.

**Административно,** работата на комората е правно консолидирана, со нов статут, нови правилници и уредби неопходни за професионално и транспарентно работење на одделенијата и службите во Комората. Истовремено, со цел да се заштитат интересите на Комората, годинава Комората е вклучена во 8 судско/извршни постапки пред надлежните државни и судски органи, за предмети од различна природа (граѓански, управни и една кривична постапка иницирана од Комората).

**Во 2013 се иницирани повеќе предлог измени во Законот за градење** и другата законска и подзаконска регулатива, во консултација со членовите на Собранието на Комората (или соодветното одделение), но, на разочарување од Комората, за истите нема прогрес на имплементација од државните органи. Комората, по обемната анализа на Законот за градење, предложи 60тина измени, кои веруваме значително ќе го подобрат статусот на инженерот во државата, и очекуваме за истите да се развие поширока дискусија со надлежните органи.

Во тековната 2013 година, во Комората се избраа нови комисии за преглед на документацијата за издавање на овластувања, и **се формираа сите планирани останати комисии** согласно програмата за работа за 2013, како на пример комисијата за меѓународна соработка, комисијата за едукација, комисијата за арбитража, комисијата за законодавство, комисијата за експертиза и стручни мислења итн. Во процес сме на формирање на комисијата за изработка на **упатство за минимална цена на инженерски услуги,** која ја сметаме за една од клучните комисии за 2014 година. Искуствата од оваа област во европските земји за жал се негативни и единствено Германија го има (делумно) регулирано ова прашање. Во некои од државите од регионот каде постоеле упатства за минимална цена на услуги, истите се оспорени пред надлежните судови и ставени вон сила. Сепак, Комората го смета ова прашање за исклучително битно и затоа во 2013 година направен е превод на Германскиот ценовник, и во моментов истиот се анализира во Комората.

Ваквата севкупна финансиско-оперативно-административна консолидација во 2013 година беше неопходна за да се создаде база за остварување на **планот за работа за наредната година, кој што е значително различен од планот за 2013** година.

Во продолжение се сумираните приходи и трошоци, прикажани компаративно за 2012 и 2013 година, а во прилог на овој документ се прикажани најважните статистички детали за членството во Комората.


Вкупен приход (денари)
30000000
20000000
10000000
0
2012
2013
Вкупен приход


25000000
20000000
15000000
10000000
5000000
0
Приходи од членарини
Приходи од овластувања
Приходи од членарини-странски инженери
Приходи од камати
2012
2013


Вкупни трошоци (со вклучена исплата за еврокодовите)
20000000
15000000
10000000
5000000
0
2012
2013
Вкупно трошоци (со вклучена исплата за еврокодовите)


Вкупно трошоци (без исплатата за еврокодовите)
15000000
10000000
5000000
0
2012
2013
Вкупно трошоци (без исплатата за еврокодовите)


6000000
5000000
4000000
3000000
2000000
1000000
0
Сите комисии, управен одбор
Потрошен материјал
Репрезентација
Дневници и патни трошоци
Наемнина
Пренесени средства на други субјекти, спонзорства
2012
2013

Сумирани приходи и трошоци и број на инженери со целосно подмирена членарина






Минатата 2013 година беше година во која се имплементирани **повеќе законски измени во Законот за градење**, кои не беа во целост подржани од Комората. Дополнителното мислење за сеизмичка стабилност е една од тие измени. Комората јасно го искажа својот став дека ја подржува целта за постабилни градби, но јасно ги искажа проблемите со така формулираната законска измена. Втора од поголемите измени е воведувањето на електронското одобрение за градење. Комората го подржа концептот на електронски градежни дозволи и целосно ја подржува идејата за зголемување на ефикасноста и транспарентноста на работењето на општинските и државни органи, што несомнено е постигнато со оваа законска измена. Сепак, реакцијата на Комората во врска со оваа измена, меѓудругото, беше поради непостоењето на преоден период во кој инженерите, како и надлежните општински органи требаа да го усогласат своето работење со ваквата измена. По воведувањето на оваа законска измена, комората обезбеди значителен попуст за своите членови при вадење на електронски потписи/дигитални сертификати неопходни за добивање на електронското одобрение за градење.

Оваа 2013 година беше година на зголемен **обем на активности во поглед на доедукација на членството.** Со оглед на неопходноста од севкупна оперативно-административна консолидација во Комората во 2013 година, едукативната активност не доби поголем обем. Но, за 2014 година планираме истото значително да се промени. Мината година се одржани повеќе семинари и тренинзи, како на пример:

- Стручен семинар на тема: „Зајакнување на слабоносива подлога кај патни и железнички конструкции со иновативни triax геомрежи", во Сала за конференции на Градежниот факултет-Скопје,
- Практичен семинар и презентација на 3М елементи за пасивни оптички мрежи, LAN i FTTH, одржана во просториите на образовниот центар М6 за инженерите од електротехничката струка,
- Работилница на тема: „ Еврокодови за проектирање на конструкции за пожарна состојба", на Градежниот факултет-Скопје. Предавачи беа професори од градежните факултети во Загреб и во Скопје, а поддржан е предлогот за издавање заеднички учебник од оваа област.
- Предавање од проф. Воснијакос од Грција за Заштита на животната средина на Машинскиот и на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ во Скопје
- Стручни активности поврзани со третиот конгрес за брани, одржан во Струга на 13.06.2013 г., заедно со Здружението Македонски Комитет за Големи Брани.
- На 18-21 септември 2013 година, во Струга, се одржа 15-ти меѓународен симпозиум на тема ,”50 години скопски земјотрес 50 години асеизмичко проектирање” на ДГКМ и тркалезна маса на тема: „Приказ на предлог измените во Законот за градење доставени од Комората до Министерството за транспорт и врски (измени во условите за стекнување овластувања, категоризација на градби итн)“

**Списанието „Пресинг“** во минатата година продолжи со својата улога на информативно стручно списание од инженерските струки, и општа констатација помеѓу инженерската струка е дека е едно од најквалитетните стручни списанија во државата, благодарение на уредникот во заминување проф. д-р. Горан Марковски од Градежниот факултет кој го осмисли и издигна Пресинг на високото ниво на кое е.

Во 2013 година (пренесена активност од 2012), Комората ја водеше и финансираше ревизијата на стручните преводи на новите европски технички стандарди во градежништвото **- еврокодовите**. Со завршувањето на оваа активност, во 2013 година е завршена првата фаза од имплементацијата на еврокодовите, како исклучително битен сегмент за инженерската струка, но и за државата воопшто.

По јубилеен 10-ти пат, Комората беше коорганизатор на манифестацијата **„Инженерски прстен“,** заедно со Инженерската Институција на Македонија. Комората планира да продолжи со оваа активност како начин на признавање и вреднување на академските резултати на нашите најдобри тукушто дипломирани инженери.

Во 2013 година, беа **востановени 4 награди** од областа на градежништвото, архитектурата, електроинженерството и машинството. Наградите ќе го носат името на истакнати, починати инженери кои оставиле траен белег во македонското инженерство. За инженери чие име ќе ја носи наградата беа избрани:

- Проф. д-р. Александар Цане Ангелов, Градежен инженер
- Проф. д-р. Борис Чипан, Архитект
- Проф. д-р. Илија Черепналковски, Машински инженер
- Проф. д-р Станимир Јовановски, Електротехнички инженер

За своите активности, Комората во 2013 год. доби златна плакета по повод 45 години од основањето на Друштвото за патишта на Македонија за успешна соработка и придонес во формирањето и развојот на професионалните одделенија за инженерството во Република Македонија.

Особено сакаме да ја потенцираме **одличната соработка на Комората со техничките факултети и инженерски здруженија без исклучок**, бидејки само со заедничка работа на сите инженерски образовни и граѓански институции од сите струки можеме да постигнеме добри резултати.

Гледајки ја усвоената програма за работа за 2013 година, со задоволство можеме да кажеме дека истата е во целост реализирана, а направени се активности на повеќе полиња кои не беа планирани со програмата.

По севкупната консолидација во Комората во 2013, останува посветеноста дека наредните години активностите на Комората мора да бидат насочени кон повеќе тренинг и доедукација за членството, и поголема соработка со надлежните органи во насока на имплементација на добри законски и подзаконски измени во интерес на инженерската струка.

Блашко Димитров
Претседател на Управниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија